ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 03-038/2024
21-11 2024 год.
Велес

# Организација на жените на Општина Велес

ул: „Алексо Демниевски – Бауман" бр.7, 1400 Велес
email: rksozmveles@yahoo.com

**До**
**Фонд за здравствено осигурување-Скопје**

**Предмет: БАРАЊЕ за изнаоѓање начини за подобрување на пристапот до здравствени услуги на населението од Општина Чашка**

Почитувани,

Организацијата на жените на Општина Велес како доброволна, самостојна невладина организација реализира низа програмски активности насочени кон подобрување на општествената положба, животните услови и задоволувањето на основните човекови права на жените од подрачјето на општините Велес, Чашка, Градско и Лозово.

Во соработка со Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС од Скопје и неколку граѓански организации од Вардарскиот регион ние го основавме медиумот на заедницата Локал Актив Вардар, на кој објавуваме истражувачки стории за теми и прашања на локално ниво што ги засегнуваат граѓаните од овој регион. Една од објавените стории се однесува на **пречките во пристапот до здравствени услуги со кои се соочуваат граѓаните во Општина Чашка.**

Се обраќаме до Вас, со барање да преземете мерки што се во ваша надлежност за надминување на овој проблем, вклучувајќи и мерки за олеснување или мотивација за отварање/воспоставување на рурални амбуланти или за воведување други начини на подобрување на пристапот до здравствени услуги за граѓаните од ова подрачје.

Со истражувањето спроведено за потребите на објавената сторија, беа предложени неколку мерки за постепено решавање на овој проблем, и тоа:

- Промена на законската регулатива со цел да се стимулираат матичните доктори да отвараат ординации во руралните средини;
- Измени во Правилникот за матични лекари (според кој еден матичен лекар треба да има 500 пациенти, што е особено проблем во населените места со помал број жители);
- Измени во Правилниците на Фондот за здравствено осигурување, за работа во рурални средини со цел да се олесни пристапот до здравствени услуги во Општина Чашка и во другите рурални општини;
- Промена на регулативата со цел да се поттикне интересот на лекарите за работа во руралните населени места.

Искрено се надеваме дека ќе се вклучите во иницијатива за решавање на ова прашање и, воедно, ве молиме да одржиме заеднички состанок со цел подетално да поразговараме за можните мерки и активности за надминување на бариерите во пристапот до здравствени услуги на граѓаните од руралните средини.

Со почит,
Мирјана Трајкова (телефон 070 645 318)

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

---------------------------------------------

Јавна здравствена установа
Здравствен дом Велес
Велес

| Примено: 26 NOV 2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03-548/1 | | | |

Скенирано со CamScanner